ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
NP PARQE DHE GJELBËRIME

Архивски број | Numri i arkivit 04-1645/3
Дата | Data 22.07.2025

Согласно овластувањата кои произлегуваат од член 30 од Статутот на ЈП „Паркови и зеленило“ Скопје ,в.д. Директорот го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**За запирање на постапката за селекција на кандидати за вработување на даватели на јавна услуга на неопределено време во ЈП „Паркови и зеленило“ Скопје**

1.Постапката за селекција на кандидати за вработување на даватели на јавна услуга во областа комунални дејности и на други дејности, заради кои се основани јавните претпријатија од група III подгрупа 5, на неопределено време во ЈП „Паркови и зеленило“ Скопје, по објавениот Јавен оглас бр.08/2025 бр. 04-1645/1 од 10.07.2025 год. објавен во дневните весници ,,Слободен печат, ,,Нова Македонија'' и ,,Коха'' (11.07.2025), СЕ ЗАПИРА.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Одговорното лице на ЈП „Паркови и зеленило“ Скопје, во согласност со Годишниот план за за вработување за 2025 година бр.04-1316/2 од 08.11.2024 година, на ден 11.07.2025 година објави Јавен оглас бр.08/2025 бр. 04-1645/1 од 10.07.2025 година во дневните весници ,,Слободен печат, ,,Нова Македонија'' и ,,Коха''.

В.д.Директорот на ЈП „Паркови и зеленило“ Скопје заради потреба од дополнителна проценка за фискалните импликации врз планираниот Буџет на Претпријатието за 2025 година во врска со Јавен оглас бр.08/2025 година објавен во дневните весници ,,Слободен печат, ,,Нова Македонија'' и ,,Коха'' (11.07.2025) донесе решение како во диспозитивот.

**Доставено до:**
- Архива
- именуваниот
- Одд. за човечки ресурси

**ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**
**NP PARQE DHE GJELBËRIME**
**в.д Директор/u.d.Drejtor,**
**Jeton Bugi**